Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА КУМАНОВО - KOMUNA E KUMANOVËS
Бр.-Nr. 08-4896/2 08-4896
05.09 2023

Бо акта — Арх. знак?
Рок на чување:
Потпис,
Куманово

Општина Куманово врз основа на Програма на Сектор за меѓународна соработка, евроинтеграции, стратешко планирање, креирање политики, следење и локален економски развој за 2023 година, број: 09 – 1996/14 год. од 27/02/2023 год. објавува:

**КОНКУРС**
**ЗА ИЗБОР НА СУВЕНИР НА ОПШТИНА КУМАНОВО ЗА 2023 ГОДИНА**

Општина Куманово врши избор за најдобар сувенир на град Куманово. Општината на овој начин подржува идеи и автентични трудови со цел да придонесат кон креирањето на производ кој ќе ги отсликува карактеристиките на градот, во насока на зголемена промоција. На овој начин се дава подршка и мотивација за работа на дел од занаетите.

За таа цел, општина Куманово ги поканува сите заинтересирани правни и физички лица, кои ги познаваат одлуките на градот и околината, со своите автентични трудови да придонесат кон креирањето на производ кој ќе го отсликува карактерот на градот, во насока на зголемена промоција.
Критериумите за учество се следни:

1. Сувенирот мора да ги содржи елементите на препознатливост и да ја отсликува традицијата и културно-историските, духовни, материјални и природни богатства на градот Куманово;
2. Сувенирот мора да биде прилагоден за масовно производство и наменет за туристичка промоција на градот;
3. Сувенирот треба да биде изработен од материјал, големина и боја според замислата на авторот. За изработка на сувенирот можат да се користат стасбилни и еколошки прифатливи материјали како што се: керамика, камен, метал, дрво, стакло, глина, гипс, текстил и други;
4. Идејната концепција, развојот и начинот на изработка на сувенирот, техничките услови за израборка и материјалот од кој е изработен треба да бидат текстуално образложени;
5. Краен рок за доставување на трудовите е **02 -ри октомври (понеделник) 2023год., до 15:00h;**
6. Наградата за "Сувенир на општина Куманово" е една и изнесува 100.000,00 денари без ДДВ;
7. Наградата од 100.000,00 денари ќе биде поделена на два дела:
   - Првиот дел во износ од 30.000,00 денари ќе биде наменет за добитникот за мотивација и вложен труд;
   - Вториот дел од наградата, добитникот на наградата во меѓусебен потпишан договор со Општина Куманово, зависно од проценетата вредност на трудот, должен е да достави одредена количина на сувенирот на општина Куманово во износ од 70.000,00 денари;

8. Изработениот суврнир заедно со текстуално образложение на идејната концепција, опис на материјалот од кој е изработен сувенирот и проценета вредност за еден примерок од трудот во денари без ДДВ, треба да се достави во затворен плик (кутија) на адреса: Општина Куманово, 11 Октомври бб, со назнака "Конкурс за избор на сувенир на Општина Куманово" со назнака во горниот лев агол "**НЕ ОТВАРАЈ**". Во посебен плик приложен со трудот со назнака "**АВТОР**" се достасвува пријава со податоците за авторот. Пријавата треба да ги содржи следните елементи: податоци за авторот-име и презиме и адреса, телефон, е-маил и потпис со кој потврдува дека трудот е негово авторско дело;
9. За избор на "Сувенир на општина Куманово" , општина Куманово формираше Комисија која ќе одлучува врз основа на горенаведените критериуми и резултатите ќе ги објави најдоцна во рок од 15 дена од завршувањето на постапката.
10. Трудовите кои нема да ги содржат сите елементи од конкурсот, односно се некомплетни и ненавремено достсавени нема да бидат предмет на разгледување.
11. Комисијатас го задржува правото да не ја додели наградата на ниту едед труд, доколку заклучи дека трудовите не ги задоволуваат критериумите.
12. Доколку на конкурсот не се пријави ниту еден кандидат, конкурсот се смета за поништен и постапката за избор на сувенир на општина Кумановоч ќе се повтори.

За дополнителни информации заинтересираните можат да се обратат на Донка Петровска - Раководител на одделение за стратешко планирање, креирање политики и ЛЕР на телефон 076/238 – 944 или Никола Бошковски на телефон: 070/756 - 457, секој работен ден од 08:00 – 15:00 часот или во просториите на Општина Куманово на ул. 11-ти Октомври 7, зграда на Централна Кооперативна Банка, втор кат, канцеларија бр. 23 (Одделение за стеатешко планирање, креирање на политики, следење и локален економски развој).

Со почит,

Датум: 05/09/2023год.

**Градоначалник на Општина Куманово**
**Максим Димитриевски**